**ДП. бр. 383**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд Скопје 1 Скопје, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нада Симјановска од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-355 од 22.11.2013 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот извршител З.М од К.П лично, по одржан претрес на ден 17.12.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**I.**

Се отфрла Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-331 од 30.10.2013 година на Министерот за правда против извршител З.М во точка 1, 2, 3 и 4 од Предлогот поради застареност за поведување на дисциплинска постапка

**II.**

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител З.М именувана за подрачјето на Основниот суд во Куманово, Основниот суд во К.П и Основниот суд во К со адреса на ул. бр. во К.П

ЗАТОА ШТО:

Извршителот не водел сметка за точноста на податоците од суштинско значење во актите кои ги изготвувал по предметот И бр.352/08, со што постапил спротивно на член 40 став 1 алинеја 6 од Законот за извршување, со кој е пропишано дека извршителот донесува налози и заклучоци, составува записници, барања и службени белешки , согласно со одредбите од овој закон.

И ЗАТОА ШТО:

Извршителот неуредно ги чува службените списи и податоци по предметот И.бр.352/08. Имено, во електронската евиденција нема скенирана доставница за извршена достава до должниците на Записникот за продажба на недвижноста со усно јавно наддавање од 20.07.2009 година, како и тоа што некои од оригиналните списи од предметот И бр.352/08 се изгубени

**со кои дејствија** извршителот З.М од К.П постапувајќи по предметот И.бр.352/08 сторил дисциплинска повреда: „ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“ од член 54 —д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување опишани во точка 5 и дисциплинска повреда : „ неуредно ги чува службените списи и податоци“ од член 54 —в став 1 алинеја 1 од Законот за извршување опишана во точка 6 од Предлогот

па со примена на правилата на казнено право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната врз основа на 54 –а од Закон за извршување му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од 1500 евра во денарска противредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување
СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот З.М од К.П утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението под страв на присилно извршување.

*Образложение*

I.

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-331 од 30.10.2013 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот З.Мод К.П врз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-331 од 30.10.2013 година со увид во предмет И.бр.352/08 во канцеларијата на извршителот на ден 14.10.2013 година. Предлогот е поднесен со наводи дека извршителот сторил дисциплински повреди по член 54-в став 1 алинеја 1 од Законот за извршување и дисциплински повреди по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување затоа што при спроведување на извршувањето по предметот И бр.352/08 второто усно јавно наддавање за продажба на недвижноста врз која се спроведувало извршување не го одржал во законски определениот рок, односно од одржувањето на првото усно јавно наддавање на ден 20.07.2009 година до одржувањето на второто усно јавно наддавање на ден 25.08.2009 година поминале повеќе од 30 дена, со што постапил спротивно на членот 174 став 3 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/11) со кој е пропишано, дека од првото до второто јавно наддавање мора да изминат најмалку 15 дена, но не повеќе од 30 дена.

Предлогот на Министерот за правда е и со наводи дека Извршителот на ден 17.09.2009 година донел Заклучок со кој го ставил вон сила Заклучокот за предавање во владение на недвижност од 15.09.2009 година, со што постапил спротивно на член 77 став 8 од Законот за извршување, според кој претседателот на судот со решението со кое го усвојува приговорот ги утврдува сторените неправилности и ги става вон сила преземените извршни дејствија.

Исто така, Предлогот е и со наводи кои го товарат извршителот З.М дека го донел Заклучокот за предавање во владение на недвижноста на купувачот од 25.09.2009 година по истекот на законскиот рок, односно од уплатата на цената до донесувањето на заклучокот за предавање во владение на купувачот изминале повеќе од осум дена, со што постапил спротивно на член 178 став 1 од Законот за извршување, со кој е пропишано дека по уплатата на цената во рок од осум дена извршителот донесува заклучок за предавање на недвижноста во владение на купувачот.

Понатаму, наводи дека извршителот на ден 03.11.2009 година донел Заклучок за надополнување на Заклучокот за извршена продажба на недвижноста од 10. 09. 2009 година, со кој го надополнил Заклучокот за извршена продажба на недвижноста од

10.09.2009 година на начин што после зборовите "ск.450" додадени се зборовите "место викано Д.Драганов, катастарска култура 70.000, површина 42м2", со што извршителот извршил продажба на недвижност која што е во сопственост на Република Македонија.

Извршителот З.М од К.П во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 11.11.2013 година наведе дека за повредите опишани под точките:1,2,3 и 4 од предлогот, постои застареност за поведување на дисциплинска постапка во смисла на. чл.58 ст.1 и ст. 2 од Законот за извршување . Покрај застареност во смисла на чл.58 ст.1и2 од ЗИ, во предметниот случај настапила и апсолутна застареност за поведување на дисциплинска постапка во смисла на чл.58 ст.4 од ЗИ бидејќи изминале четири години од денот на сторената повреда.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на претрес на ден 17.12.2013 година по повод Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-331 од 31.10.2013 година одлучи да го отфрли истиот во точка 1,2,3 и 4 поради настапување на застареност за поведување на дисциплинска постапка за утврдување дисциплинска одговорност на извршителот З.М од К.П од причина што во член 58 од Законот за извршување е предвидено дека рокот за застареност за поведување на дисциплинска постапка изнесува две години а почнува да тече од денот кога дисциплинската повреда е направена. Во конкретниот случај рокот на застареност почнал да тече од 25.08.2009 година кога извршителот се товари со предлогот дека одржал второ усно јавно наддавање по истекот на рокот од 30 дена, односно започнал да тече од датумите 17.09.2009 година, 25.09.2009 година и 03.11.2009 година како последен ден на преземање на дејствија од страна на извршителот за повредите наведени под точка 1, точка 2, точка 3 и точка 4 од Предлогот на Министерот за правда. Имено, извршителот донел заклучок за надополнување од 03.11.2009 година на Заклучокот за извршена продажба на недвижноста од 10.09.2009 година. Дисциплинската комисија смета дека рокот од чл. 58 од ЗИ почнува да тече од последниот акт кој го донел извршителот односно 03.11.2009 за повредите наведени во точка 1,2,3 и 4 од ЗИ со оглед дека предлогот е поднесен на 31.10.2013 година УПП.бр. 09-331 односно по протекот на рокот на две години од чл.58 т.1 од ЗИ . Дисциплинската комисија смета дека настапила застареност за поведување на дисциплинска постапка. Односно, во конкретниот случај во момент на поднесување на предлогот веќе била настапена застареност за поведување на дисциплинска постапка против извршител З.М од К.П во врска со нејзино постапување по предмет И.бр.352/08 опишани во точка 1,2,3 и 4 од ЗИ.

II.

Предлогот на Министерот за правда УПП.бр.09-331 од 30.10.2013 година во точка 5 и точка 6 , го товари извршителот и дека не водел сметка за точноста на податоците кои се од суштинско значење во актите кои ги изготвувал по предметот И бр.352/08, со што постапил спротивно на член 40 став 1 алинеја 6 од Законот за извршување, со кој е пропишано дека извршителот донесува налози и заклучоци, составува записници, барања и службени белешки , согласно со одредбите од овој закон, како и наводи дека неуредно ги чува службените списи и податоци по предметот И бр.352/08, поточно дека во електронската евиденција нема скенирана доставница за извршена достава до должниците на Записникот за продажба на недвижноста со усно

јавно наддавање од 20.07.2009 година. Во предлогот е наведено дека извршителот пред Комисијата овластена да изврши надзор, изјавила дека некои од оригиналните списи од предметот И бр.352/08 се изгубени, од причина што предметот повеќе пати бил предаван во судовите и во основното јавно обвинителство.

Врз основа на наведеното, предлагачот смета дека извршителот сторил дисциплински повреди по член од член 54-в став 1 алинеја 1 од Законот за извршување, и дисциплински повреди по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување и предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и на извршителот да му изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот З.Мод К.П во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 11.11.2013 година наведе дека за повредите опишани под точките 5 и 6 од Предлогот, смета дека се неосновани, од причина што сторените технички грешки во предметниот случај се однесувале на извршниот број и тоа на Заклучокот за извршена продажба на недвижност од 10.09.2009 година, на Заклучокот за надополнување на Заклучок за извршена продажба од 03 11.2009 година , и Записник за продажба на недвижност од 25.08.2009 година а истите биле исправени со Заклучок за исправка И.бр.352/08 од 15.06.2013 година што не можело да биде основ, односно не е повреда за поведување на дисциплинска постапка. Од причина што исправка на сторена техничка грешка била предвидена и во чл.331 од ЗПП, според која извршителот сторената техничка грешка има право да ја исправи во секое време што и било единствен предвиден законски начин за отстранување на сторени грешки во пишувањето.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 17.12.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази: Извештај УПП.бр.09-331 од 30.10.2013 на Мин. за правда; Заклучок за исправка И.бр. 352/08 од 15.06.2013 на извршител З.М; Записник од 20.07.2009 на извршител З.М; Заклучок И.бр. 352/08 по чл 167 и 169 од 22.06.2009 год. на извршител З.М; Записник И.бр. 352/08 по чл 175 од ЗИ од 25.08.2009 на извршител З.М; Имотен лист бр.510 од КО К; Заклучок И.бр. 352/08 по чл 175 од ЗИ од 25.08.2009 год. на извршител З.М; Заклучок И.бр. 352/08 по чл 178 од ЗИ од 15.09.2009 год. на извршител З.М; Заклучок И.бр. 352/08 за ставање вон сила на заклучок од 15.09.2009 год. на извршител З.М; Заклучок И.бр. 352/08 по чл 178 од ЗИ од 25.09.2009 год. на извршител З.М; Заклучок И.бр. 352/08 по чл 175 од ЗИ од 10.09.2009 год. на извршител З.М; Заклучок И.бр. 352/08 по чл 175 од ЗИ од 03.11.2009 год. на извршител З.М; Заклучок за исправка И.бр. 352/08 од 15.06.2013 год. на извршител З.М.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот З.М примил барање за извршување од доверителот Г.З.П.Г.М Б од с.Кучичино - Кочани на ден 22.12.2008 година поднесено преку полномошник В.В адвокат од Пробиштип, против солидарните должници З.К и Л.Кдвајцата од Куманово, врз основа на Пресуда на Основниот суд Куманово IX П.бр. 1054/96 од 12.12.2001 година, за наплата на парично побарување на име главен долг во износ од 146.718,00

ден. со камата од 28.07.1994 година до конечната исплата, процесни трошоци во износ од 132.260,00 ден. со камата сметано од денот на донесувањето на пресудата до конечната исплата.

На ден 25.08.2009 година била одржана втората продажба на недвижноста со усно јавно наддавање. Видно од Записникот за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 175 од Законот за извршување) кој извршителот го означил со И.бр.135/09, а видно од Записникот извршителот нотирал дека недвижноста била продадена на лицето М.Акако најповолен понудувач за цена од 18.352,00 ден, иако цена по која била продадена недвижноста била 1.495.150,00 денари.

Извршителот погрешно го означил Записникот за продажба на недвижност со усно јавно наддавање со И бр.135/09, наместо со И бр. 352/08.

На ден 25.08.2009 година извршителот донел Заклучок за продажба на недвижност со кој го задолжил купувачот М.Аод Куманово да го плати износот од 1.495.150,00 денари на име продажна цена во рок од 15 дена од денот на јавното наддавање.

На ден 10.09.2009 година извршителот донел Заклучок за извршена продажба на недвижност кој погрешно го означил со број И.бр.352/09.

На ден 03.11.2009 година извршителот донел Заклучок за надополнување на Заклучокот за извршена продажба на недвижноста од 10 .09. 2009 година, кој погрешно го означил со број И.бр. 352/09 .

На ден 15.06.2013 година извршителот донел Заклучок за исправка И бр.352/08, со кој што извршил исправка на Заклучокот за извршена продажба на недвижност (врз основа на член 175 став 7 од Законот за извршување) од 10.09.2009 година и на Заклучокот за надополнување на Заклучокот за извршена продажба (врз основа на член 175 став 7 од Законот за извршување) од 03.11.2009 година во делот на извршниот број и истите се означуваат со И бр.352/08 а во се останато содржината на актите останала непроменета.

Видно од Службена белешка И.бр.352/08 од 12.07.2013 година извршителот наведува дека направил обид за достава на Заклучокот за исправка И бр.352/08 од година до должниците на ул.“ “ бр.20 во Куманово, но дека доставата била неуспешна. Видно од Службената белешка, извршителот направил обид за достава на ул.“ “ бр.20 во Куманово, наместо на ул.“ “ бр.28 во Куманово.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на главен претрес на ден 17.12.2013 година одлучувајќи по повод основаноста на Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-331 од 30.10.2013 година утврди дека извршителот З.Мод К.П сторила дисциплинска повреда постапувајќи по предметот И.бр.352/08 на начин што при составување на своите акти не водела сметка за точноста на податоците кои се од суштинско значење во актите.

Дисциплинската комисија ги ценеше наводите дадени во одговор на предлогот од страна на извршителот на околноста дека не може да биде повикан на одговорност за исправка на технички грешки во своите акти, а кои исправки биле сторени согласно чл. 331 од ЗПП чии одредби супсидијарно се применуваат во извршувањето, како и одбраната дека Заклучокот за исправка не претставува акт на извршителот кој не е предвиден или спротивен на законот па оттука не може да стане збор за одговорност

извршителот за постапување спротивно на закон, но истите не влијаеа за поинакво одлучување на Комисијата од причина што извршителот во текот на извршувањето подолг период ја водела постапката со други извршни броеви односно наместо број И.бр. 352/08 извршувањето било водено под И.бр. 352/09 како и под И.бр. 135/09 и дури многу подоцна на 15.06.2013 година со Заклучок за исправка И.бр.352/08 извршителот извршила исправка на актите во делот на извршните броеви. На кој начин извршителот предизвикал правна несигурност на странките во извршувањето како и на потенцијалните учесници и трети лица во текот на извршувањето.

Дисциплинската комисија е на став дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување: “при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“ на начин што при спроведување на извршување по предметот И.бр.352/08 не водел сметка за бројот на извршниот предмет и постапил спротивно на предвиденото на начин што извршителот донел акти со број И.бр.135/09 и со број 352/09 под кои извршни броеви биле заведени други барања за извршување поднесени од друг доверител против друг должник во канцеларијата на извршителот. Исто така, извршителот во Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање во предмет И.бр.352/08 утврдил дека најповолниот понудувач понудил цена од 18.352,00 денари за која цена му се продава предметната недвижност иако видно од Заклучок за извршена продажба е утврдено дека цената која најповолниот купувач ќе ја уплати е 1.347.450,00 денари, додека видно од Изводи од посебна сметка на извршителот цената која ја платил купувачот односно цена за која се продала недвижноста била 1.495.150,00 денари. Видно од Службена белешка со која извршителот констатира дека е направен обид за достава на Заклучок за исправка до должниците, во истиот била погрешно наведена адресата на начин што наместо бр.28 е нотиран бр.20. Дисциплинската комисија е на мислење дека извршителот со ваквиот начин на постапување по предметот И.бр.352/08 неодговорно не водел сметка за точноста на податоците од суштинско значење во актите кои ги изготвувал а кои можеле да имаат влијание на самото извршување како по однос на бројот на предметот, објектот што е предмет на извршување, цената на предметот на продажба а во корелација со идни можни учесници во постапката на извршување и трети лица. Имено, видно од Записникот од 25.08.2009 година а означен со погрешен број И.бр.135/09 а во кој е неведено најповолниот понудувач понудил цена од 18.352,00 денари за која цена му се продава предметната недвижност, иако видно од Заклучок за продажба на недвижност од 25.082009 година цената која купувачот се задолжива да ја плати е 1.495.150,00 денари, додека пак видно од Заклучок за извршена продажба од ден 10.09.2009 година е утврдено дека цената која најповолниот купувач ќе ја уплати е 1.347.450,00 денари, исто така видно од Изводи од посебна сметка на извршителот цената која ја платил купувачот односно цена за која се продала недвижноста била 1.495.150,00 денари, што укажува дека не се работи за техничка грешка туку за неводење сметка за точноста на податоците. Од причина што со ваквите повеќекратни грешки кои ги правел извршителот во текот на спроведување на извршувањето битно влијаат на крајниот исход на самото извршување, па со кои дејствија извршителот З.М од К.П го сторила битието на делото за кое се товари по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ: “при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“. Во оваа смисла извршителот бил должен да направи

исправка на грешките во своите акти согласно чл. 331 од ЗПП и актите кои ги донел за извршените исправки не го ослободуват од одговорност .

Од изведените докази комисијата утврди и дека извршителот вршејќи ја должноста по предметот И.бр. 352/08 не постапувал со должно внимание со списите во предметот, па со тоа што предметот бил доставуван до надлежните судови и основно јавно обвинителство без претходно да бидат уредно скенирани списите, извршителот дозволил да недостасуваат примероци од оригинални списи од предметот, што е неспорно и самиот извршител го признал при вршење на надзор од овластената Комисија, имено извршителот изјавил дека некои од оригиналните списи од предметот биле изгубени а како причина навел дека неколку пати предметот бил предаван на судот и на ОЈО. Имено, согласно чл.2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување е предвидено дека евиденцијата кај извршителот се води писмено и во електронска форма. Со чл.4 од Правилникот е предвидено дека електронската форма се води со внесување на истоветните податоци пропишани со чл.2 од правилникот, по електронски пат и со скенирање на списите. Извршителот видно од Извештајот за извршен надзор и самиот истакнал дека е можно некои од списите да не се скенирани и да не се наоѓаат во електронска форма и дека некои од оригиналните списи не се наоѓаат во списи од предмет. Имајќи го предвид ова од една страна а од друга страна околноста дека доколку извршителот постапувал согласно Правилникот и уредно ги скенирал списите самиот предмет би бил комплетен без оглед на тоа дали при движењето на предметот ќе се изгуби некој спис. Доколку извршителот потстапувал согласно својата обврска за водење електронска евиденција и скенирање како предвиденото со Правилник, не би се довел во ситуација да стори дисциплинска повреда, па од тие причини ДК смета дека го сторил битието на делото кое му се става на товар по член 54-в став 1 алинеја 1 од Законот за извршување : „ неуредно ги чува службените списи и податоци “.

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда : “при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“ од чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ и дисциплинската повреда „ неуредно ги чува службените списи и податоци “ од член 54-в став 1 алинеја 1 од Законот за извршувување, Дисциплинската комисија го огласи за виновен извршител З.Мза сторени повреди па со примена на правилата за вонредно ублажување на казната за истото му изрече парична казна во износ од 1.500 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се како особено олеснителна околноста дека извршителот по однос на повредите опишани во точка 5 постапил согласно чл.311 од ЗПП и направил исправка на направените грешки во своите акти во текот на извршувањето, а како отежнителна околност тоа што извршителот е со долгогодишно работно искуство како извршител па истиот требало со должно внимание да постапува со списите од предметите, како и тоа што предизвикал правна несигурност кај странките во постапката не внимавајќи на точноста на податоците и содржината на актите, па во склоп на истите му ја одмери

казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетата извршителка З.М од К.П да плати на име парична казна износ во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр. во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**Дисциплинска комисија на КИРМ**

**Претседател**

Снежана Фитеска

-----------------------------

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРМ
Министерство за правда
Извршител З.М од К.П
Архива